Институтот за европска политика (ЕПИ) во рамките на проектот „Поттикнување на одржлива реинтеграција на Роми повратници во Македонија“ објавува повик за **експерти за изработка на документи за јавни политики**.
Овој проект има за цел да обезбеди одржлива реинтеграција на Ромите повратници, прво преку идентификување на бариерите за остварување на основните права и услуги и давање поддршка за создавање услови за реинтеграција за повратниците и второ преку застапување на создавање за соодветна помош за реинтеграција.

За потребите на овој проект потребни се:

1. **Клучен експерт за изработка на истражување за потребите на Ромите повратници** во Република Македонија.

**Задачи:**

- Изработка на **методологија** за анализата со планиран ангажман од **20** работни денови за истражување на потребите на Ромите повратници, во консултации со ЕПИ и КХАМ Делчево.
- Следење на работата на тематските експерти
- Подготовка на студија за поттикнување на одржлива реинтеграција на Ромите повратници

2. Пет (5) тематски експерти за областите домување, здравствена заштита, образование, вработување и социјална заштита, со планиран ангажман од **4** работни денови по експерт

**Задачи:**

- Подготовка на студија (дел од студија во една од петте области) за поттикнување на одржлива реинтеграција на Ромите повратници
- Изработка на краток прирачник (2-3 страни) за услугите достапни на повратниците, врз основа на наодите добиени од локалните соработници

За пријавување ве молиме доставете биографија со детално поранешно искуство, план за работа, писмо за мотивација јасно назначено за кое место се пријавувате вклучително и:

- за позицијата под број 1) клучен експерт, потребно е да се достави преглед на слични поранешни задачи (во биографијата)
- за позициите под број 2) тематски експерти, потребно е да се достави преглед на поранешно искуство со Ромски прашања (во биографијата)

Кандидатите може да се пријават како тим (клучен експерт и тематски експерти за една или повеќе области) или индивидуално.

Документите за пријавување ве молиме да ги доставите на електронските адреси angel.mojsovski@epi.org.mk и contact@epi.org.mk **најдоцна до 24ти март 2017 година (петок) до крај на работниот ден (17.00 часот).** За дополнителни прашања ЕПИ ви стои на располагање на горенаведените адреси како и телефонскиот број 02/3280100. Изборот на експертите ќе го врши проектниот тим, врз основа на искуството и понудениот работен план од страна на кандидатите.

**Период за реализација на активностите**:

Изработка на студијата - **1 април 2017 - 30 јуни 2016**
Изработка на тематски прирачници: **1 април 2017 - 31 мај 2016**